РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2008 бр. Q-1091/0

Бр./Nr_______

_________г./v.

До Државната комисија за спречување на корупцијата имате поднесено барање за мислење, во однос на тоа дали ќе настане состојба на судир на интереси, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во случај кога Вие како пратеник во Собранието на РСМ истовремено сте и основач на приватна фирма.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија„ бр. 12/2019 од 19 јануари 2019 година), го издава следново:

## М И С Л Е Њ Е

Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во конкретниот случај **не постои состојба на судир на интереси**, бидејќи Вашата позиција како пратеник ви овозможува да бидете основач на приватна фирма.

Согласно член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

*Лице кое стапува на функција на избрано или именувано лице, со исклучок на лицата кои стапуваат на функција која не се извршува професионално, **доколку управува со трговско друштво или установа како сопственик**, е должно пред да стапи на функцијата управувањето да му го довери на друго лице или тело, освен на членови на неговото семејство, за времето на вршењето на функцијата, јавните овластувања или должности.*

Државната комисија упатува и на член 72 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно Вие како избрано лице должни сте да внимавате на потенцијалниот судир на интереси и да преземете мерки за негово одбегнување.

Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности.

Согласно начелото на интегритет, секој е должен во вршењето на службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.

Со почит,

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk